Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-78/2
02-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-789/1 од 07.11.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, против лицата [redacted] – командант на ИРБ и бригаден генерал [redacted] од Командата за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Орце Николов", бр. 116 во Скопје, врз основа на личен и општествен статус и друго својство – вршење на синдикална функција Генерален секретар на Независен синдикат на професионални војници СО Скопје, во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на личен и општествен статус и друго својство – вршење на синдикална функција Генерален секретар на Независен синдикат на професионални војници СО Скопје, во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, кон лицето [redacted] од Скопје, од страна на лицата [redacted] – командант на ИРБ и бригаден генерал [redacted] од Командата за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија.

## Образложение

На 07.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, против лицата [redacted] – командант на ИРБ и бригаден генерал [redacted] од Командата за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и друго својство – вршење на синдикална функција Генерален секретар на Независен синдикат на професионални војници СО Скопје, во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Во претставката подносителот наведува дека е Генерален секретар на Независен синдикат на професионални војници – СО Скопје, кој бил дел од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. Посочува дека често бил дискриминиран и вознемируван на неговото работно место од страна на претпоставените поради неговата синдикална активност. Во периодот од година и половина, два пати бил преместен на работни места без негова согласност, спротивно на член 120 од КД на МО и посочува дека на други членови на синдикални организации не им биле вршени такви притисоци. Иако од негова страна за ова било укажано на претпоставените од ВП 8045 Скопје, притисокот и дискриминацијата продолжувале од нивна страна па резултирале со тоа што именуваниот не можел да користи слободни денови, му било посочувано да каже каде оди, со кого се гледа и слично. За ова се обратил и до секција С2 во ВП 8045 каде поднел изјава но притисоците не престанале и продолжиле и на неговото ново работно место. Наведува дека за првото преместување (кое се случило во месец март 2023 година) не добил документ и не можел да поднесе жалба, а за второто преместување добил записник и поднел жалба по која сеуште нема одговор. Во дополнување на претставката од 10.11.2023 година како доказ до Комисијата достави Жалба од 18.09.2023 година во фотокопие, Записник за соопштување Наредба број 21-11/1-56 од 14.09.2023 година и Известување до Министерството за одбрана број 16-2659 од 07.07.2023 година. Воедно, подносителот на претставката на 15.11.2024 година достави доуредување на истата заведено под број 08-78/1 со кое појасни дека надлежни за неговото поставување се потполковник Николче Јованов како командант на ИРБ и бригаден генерал Бесник Емини од Команда за операции и дека именуваните не го спроведуваат Решението број 04-4218/1 од 29.11.2023 година на министерот за одбрана.

На 08.11.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до Министерството за одбрана на Република Северна Македонија со Барање за произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-789/2, по што 11.12.2023 година добиено е Известување од страна на Министерството за одбрана под дов. Бр. 15/2-417/1 од 07.12.2023 година. Во Известувањето се наведува дека во конкретниот случај нема повреда на правата на подносителот на претставката и не е сторена дискриминација од страна на работодавачот и според министерството во целост се испочитувани законските прописи и правата од работен однос на подносителот. Во врска со наводите кои се однесуваат на Наредбата за поставување Д бр. 21-21/1590 од 23.08.2023 година, [redacted] бил поставен во рамки на истата единица каде и претходно бил поставен на ист формациски чин Водник 1 класа и на иста бодовна група како и претходно, односно 19, од што произлегува дека немало промени во донесената Наредба за поставување. Понатаму, се укажува дека со Решение бр. 04-4218/1 од 29.11.2023 година одлучено е по поднесената жалба против Наредба за поставување и истата била уважена а предметот бил вратен на повторно одлучување. Од ова, според наводите во произнесувањето, произлегува дека во никој случај не е извршена дискриминација од работен однос и дека жалбата на подносителот е

уважена и предметот е вратен на повторно одлучување. Во делот од претставката кој се однесува на претходното поставување, се наведува дека изнесеното од страна на подносителот не е точно од причина што со Записник за соопштување Наредба бр. 21-21/2-76 од 29.12.2022 година, Наредбата за поставување Д. Бр. 21-11/697 од 26.12.2022 година донесена од страна на НГШ на Армијата на именуваниот му е соопштена од страна на командантот на ВП 8045 Скопје, а подносителот на претставката овој Записник го потпишал. Во однос на наводите дека не му е одобрувано користење на слободни денови и бил прашуван каде оди и слично, нема можност за произнесување со оглед да подносителот на претставката не навел за кои денови точно се работи и по кој основ побарал да ги користи истите.

Согласно член 74 став (1) и став (2) од Закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија *Воениот и цивилниот персонал се поставува на соодветна должност, односно формациско место според неговата воеоевиденциска специјалност, проекцијата на кариера и според потребите на службата во Армијата. По исклучок, доколку потребите на службата тоа го налагаат, воениот и цивилниот персонал може да се постави на формациско место кое не соодветствува со неговата воеоевиденциска специјалност.*

Согласно член 120 од Колективниот договор на Министерство за одбрана, *покрај посебната заштита утврдена во Закон за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор, на претседателот, генералниот секретар на Синдикатот и членовите на претседателството, заради вршење на синдикалните активности во согласност со закон и колективен договор, за време на вршење на должноста во Синдикатот и две годни по нејзиниот престанок, не може да бидат распоредени на друго работно место без нивна согласност.*

Согласно на сето изнесено, односно од наводите во претставката и дополнувањата на истата, понатаму произнесувањето по истата, како и анализата на одредбите од домашните извори на правото, се констатира дека од страна на лицата [redacted] – командант на ИРБ и бригаден [redacted] од Командата за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија сторено е вознемирување врз основа на личен и општествен статус и друго својство – вршење на синдикална функција Генерален секретар на Независен синдикат на професионални војници СО Скопје, во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, кон лицето [redacted] од Скопје, исто така вработен во Армијата на Република Северна Македонија, онака како е опишано во член 10 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.* Имено, од произнесувањето по наводите во претставката, односно доставеното Известување од Министерството за одбрана,

Комисијата не можеше да утврди дека преместувањата на подносителот биле во согласност со член 74 став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, односно не се наведени факти и околности од кои произлегува дека преместувањето е резултат дека преместувањето е резултат на потребите на службата. Дотолку повеќе земен предвид член 120 од Колективниот договор на Министерството за одбрана каде се уредени правата на вршителите на синдикални должности – меѓу кои и генералниот секретар на Синдикатот според кои тој не може да биде распореден на друго работно место без негова согласност, а со цел вршење на синдикалните активности во согласност со закон и колективен договор.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните препораки:

- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** потполковник [redacted] – командант на ИРБ и бригаден генерал [redacted] од Команда за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија, да постапат по Решение бр. 04-4218 од 29.11.2023 година и да донесат соодветна Наредба за поставување со која ќе го постават вработениот [redacted] на работно место кое соодвествува на степенот на негово образование, формациски чин и личен ВЕС, а кое е пропишано и предвидено со Акт за формација **и за тоа писмено да ја известат Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење**.
- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** потполковник [redacted] – командант на ИРБ и бригаден генерал [redacted] од Команда за операции, вработени во Армијата на Република Северна Македонија во иднина да се воздржат од преземање или непреземање на дејствија што за последица би имале вознемирување и продуцирање на дискриминаторски практики кон вработени во Армијата на Република Северна Македонија,

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
05.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КС ЗД